On 2025-12-02 11:54, [redacted]

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Скопје / Shkup

Примено: Е Pranuar: 02.12.2025			
Орг.единица Njësia	Број: Numri:	Прилог: Bashkëngjitja	Вредност: Vlera:
03	1049/1		

Почитувани,

Ви пишувам со барање за информација во врска со вчерашниот прекин на изведбата на претставата „Ангели во Америка“, токму на Меѓународниот ден за борба против ХИВ/СИДА, на која присуствував лично.

Нашата Редакција ви ги упатува следните прашања:

Која е точната причина за прекинот на изведбата?

Дали сцената технички ќе биде функционална за изведби на останатите претстави на репертоарот на МНТ?

Дали сцената на МНТ е безбедна за актерите?

Кога може вчерашната публика да очекува да ја гледа претставата и дали ќе има опција за рефундација на билетите?

Ви благодарам однапред.

Поздрав,

[redacted] [1]

Links:
---
[1] [redacted]

Re: Барање за информација

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 03-1049/2
02-12- 2025 год./viti
Скопје / Shkup

To [redacted]
Details Headers

Почитувани,

Во однос на вашите поставени прашања, надлежните служби при НУ Македонски народен театар ви ги доставуваат следните одговори:

Која е точната причина за прекинот на изведбата?

Причината за прекинот е од техничка природа и е во делот на интелигенцијата на вагонот за сценската ротација.
Проблем е решен, но причината сè уште се утврдува. Најверојатно е во доменот на краткотрајна флуктуација на напојувањето со електрична енергија.

Дали сцената технички ќе биде функционална за изведби на останатите претстави на репертоарот на МНТ?

Проблемот беше решен за помалку од десетина минути.

Дали сцената на МНТ е безбедна за актерите?

Вчерашниот проблемот со дел од сценската технологија никако не е поврзан со безбедноста на публиката, актерите и помошно-техничкиот персонал.
Покрај тоа, безбедноста на и во театарот е од мултидисциплинарен карактер и е на највисоко можно ниво.

Кога може вчерашната публика да очекува да ја гледа претставата и дали ќе има опција за рефундација на билетите?

Основа за рефундација нема бидејќи претставата се одиграла и не била одложена, публиката уредно влегла на настанот и ја гледала сè до моментот на прекинот кој се случил пред самиот крај на претставата, и проблемот бил надминат.

Со почит,
РСМ НУ Македонски народен театар